# ЈАВЕН ПОВИК БР. 04/2026

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА НОВО ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО СО ПОГОН НА СИТЕ ЧЕТИРИ ТРКАЛА (4x4) ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

**Скопје, 13 август 2026 година**

MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

LIFE DinPin Bear

# Содржина

ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА ..... 3

I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ..... 4

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ..... 4
2. СПОСОБНОСТ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ..... 8
3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ..... 10
4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ ..... 11
5. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ ..... 13
6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ..... 17
7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОРОТ ..... 20
8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ..... 22
9. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ..... 23

II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ..... 23

IV. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА ..... 28

V. ОБРАЗЕЦ НА ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ ..... 30

VI. ОБРАЗЕЦ ЗА ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ..... 30

VII. ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА ..... 31

VIII. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНА ПОНУДА ..... 32

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Договорниот орган **Македонско еколошко друштво (МЕД)**, преку проектот **„Зачувување на популацијата на кафеава мечка во Динарско-Пиндскиот масив“ (Project 101214048 – LIFE24-NAT-DE-LIFE DinPin Bear)**, проект за надворешни активности на Европската Унија, спроведуван од Македонско еколошко друштво, објавува јавен повик за спроведување на постапка за доделување договор за набавка на **ново и некористено патничко моторно возило со погон на сите четири тркала (4×4)**.

Предметот на набавката е едно (1) возило наменето за потребите на Македонско еколошко друштво, кое ќе се користи за реализација на активностите предвидени во рамките на наведениот LIFE проект, вклучително и за патување и теренска работа.

Договорниот орган спроведува постапка за доделување договор за набавка на стоки со број **04/2026**.

Ве молиме да ја доставите Вашата понуда со целокупната потребна документација за предметот на набавката, по пошта или лично, на следната адреса:

**Македонско еколошко друштво**
**ул. „Тодор Скаловски“ бр. 9А**
**1000 Скопје**

Понудата треба да биде доставена **најдоцна до 11.09.2026 година до 15:00 часот**.

На надворешниот плик задолжително треба да биде наведено:

**„За јавен повик бр. 04/2026“**

како и предупредувањето:

**„ДА НЕ СЕ ОТВОРА ПРЕД ДАТУМОТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ“**

Со оваа покана се доставува целокупната документација за јавниот повик, која ги содржи сите информации потребни за подготовка и доставување на понудата.

Документацијата за јавниот повик се состои од:

- Инструкции за економските оператори;
- Техничка спецификација;

- Модел на договор;
- Образец на понуда;
- Образец на листа на доверливи информации;
- Образец за општи информации;
- Изјава за сериозност на понудата;
- Изјава за независна понуда.

Однапред Ви благодариме на соработката и интересот за учество во постапката.

---

# I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 Дефиниции

**1.1.1.** Одредени поими употребени во оваа документација го имаат следното значење:

- **„Договор за набавка“** е договор склучен во писмена форма меѓу Договорниот орган и избраниот понудувач, чиј предмет е испорака на возилото кое претставува предмет на набавката;
- **„Постапка за доделување договор“** е постапка што ја спроведува Договорниот орган со цел избор на економски најповолна понуда за набавка на предметното возило;
- **„Отворена постапка“** е постапка во која секој заинтересиран економски оператор кој ги исполнува условите има право да поднесе понуда;
- **„Документација за јавен повик“** е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за подготовка, доставување и оценување на понудите;
- **„Техничка спецификација“** е збир на минимални технички барања кои возилото предмет на набавката треба да ги исполнува;
- **„Економски оператор“** е физичко или правно лице кое на пазарот нуди стоки или услуги поврзани со предметот на набавката;
- **„Понудувач“** е економски оператор кој поднел понуда;

- **„Понуда“** е предлог доставен од понудувачот врз основа на документацијата за јавниот повик;
- **„Техничка понуда“** е дел од понудата со кој се докажува исполнувањето на техничките барања;
- **„Финансиска понуда“** е дел од понудата во кој е наведена понудената цена и останатите финансиски услови;
- **„Избран понудувач“** е понудувач чија понуда е оценета како економски најповолна и со кој Договорниот орган ќе склучи договор;
- **„Евалуација на понуда“** е процес на проверка, оценување и бодирање на поднесените понуди;
- **„Прифатлива понуда“** е понуда која е доставена навремено и која ги исполнува формалните, административните, техничките и финансиските услови утврдени во документацијата;
- **„Писмено“** подразбира информација дадена во форма која може да биде прочитана, репродуцирана и понатаму соопштена.

### 1.2 Предмет на договорот

**1.2.1.** Предмет на договорот е набавка на **едно (1) ново и некористено патничко моторно возило со погон на сите четири тркала (4×4)**, согласно минималните технички барања наведени во Техничката спецификација.

### 1.3 Договорен орган

**1.3.1.** Договорен орган е:

**Македонско еколошко друштво (МЕД)**
ул. „Архимедова“ бр. 5
1000 Скопје

Лице за контакт:

**Лазар Николов**
Електронска адреса: nikolov@mes.org.mk

### 1.4 Вид и начин на постапка

**1.4.1.** Договорот за јавна набавка ќе се додели по спроведување на постапка согласно интерните правила за спроведување постапки за доделување на договори во МЕД, опишани во Правилникот за финансии и сметководство од 2025 година.

**1.4.2.** При спроведувањето на постапката ќе се применуваат принципите на транспарентност, еднаков третман, недискриминација, пропорционалност, економичност и најдобар однос помеѓу квалитетот и цената.

**1.4.3.** За спроведување на постапката и евалуација на доставените понуди, Договорниот орган формира **Комисија за набавка на теренско моторно возило**.

**1.4.4.** Комисијата е одговорна за отворање, проверка на формалната и административната усогласеност, проверка на способноста, техничка и финансиска евалуација и подготовка на извештај со предлог за избор.

**1.4.5.** Членовите на Комисијата се должни да постапуваат непристрасно и објективно и пред започнување на евалуацијата потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси.

**1.4.6.** Конечната одлука за избор на најповолен понудувач или за поништување на постапката ја донесува овластеното лице на Договорниот орган, врз основа на извештајот и предлогот на Комисијата.

**1.5 Право на учество**

**1.5.1.** Право на учество има секој заинтересиран економски оператор регистриран за вршење на дејност поврзана со предметот на набавката.

**1.5.2.** Право на учество има и група економски оператори, без обврска за претходно здружување во посебна правна форма.

**1.5.3.** Групата економски оператори со понудата доставува документ со кој се уредуваат меѓусебните односи и одговорноста на членовите во однос на извршувањето на договорот.

**1.5.4.** Лица кои учествувале во подготовката на документацијата за оваа постапка не можат да учествуваат како понудувачи во истата постапка.

**1.5.5.** Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество. Негативните референци може да се издадени или од страна на донаторот на овој проект, други донатори во Република Северна Македонија или од Бирото за јавни набавки (Министерство за финансии).

**1.6 Трошоци за подготовка и поднесување на понудата**

**1.6.1.** Понудувачот ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и поднесувањето на понудата. Договорниот орган не презема одговорност за овие трошоци, без оглед на исходот на постапката.

**1.7 Цена и расположлив буџет**

**1.7.1.** Максималниот расположлив буџет за предметната набавка изнесува:

**28.000,00 евра без ДДВ.**

**1.7.2.** Буџетот од точка 1.7.1 се изразува во денарска противвредност согласно **средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија применлив на денот на поднесување на понудата**.

**1.7.3.** Денарската противвредност на расположливиот буџет ќе се користи како максимален финансиски лимит за евалуација на понудите.

**1.7.4.** Понуда чија вкупна цена без ДДВ ја надминува денарската противвредност на максималниот расположлив буџет утврден согласно точка 1.7.2 ќе се смета за неприфатлива и нема да биде предмет на понатамошна евалуација.

**1.7.5.** Во понудената цена треба да бидат вклучени сите трошоци поврзани со испораката на возилото, вклучително и транспорт, царински и други увозни трошоци доколку постојат.

**<u>1.8. Спречување на судир на интереси</u>**

**1.8.1.** За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори од јавни повици за набавки, соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

**1.8.2**. Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за јавна набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.

**1.8.3.** Во постапката за доделување договор за набавката, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за спроведување на набавката, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

**1.8.4.** Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

**1.9 Начин на комуникација**

**1.9.1.** Прашања во врска со документацијата за јавниот повик можат да се достават во електронска форма на:

nikolov@mes.org.mk
stojanov@mes.org.mk

најдоцна **15 дена пред крајниот рок за доставување на понудите**.

**1.9.2.** Договорниот орган ќе ги објави појаснувањата од значење за сите потенцијални понудувачи на истата веб-страница на која е објавен јавниот повик.

**1.9.3.** Понудите и придружната документација се доставуваат по пошта или лично на адресата:

**Македонско еколошко друштво**
**ул. „Тодор Скаловски“ бр. 9А**
**1000 Скопје**

### 1.10 Информации од доверлив карактер

**1.10.1.** Договорниот орган ќе ги заштити информациите кои понудувачот ги означил како доверливи, доколку нивниот доверлив карактер е оправдан, особено кога станува збор за деловна тајна или права од интелектуална сопственост.

**1.10.2.** Понудувачот треба да достави листа на доверливи информации согласно Образецот во прилог на документацијата.

**1.10.3.** Доколку понудувачот не достави листа на доверливи информации, Договорниот орган ќе смета дека понудата не содржи информации означени како доверливи.

**1.10.4.** Понудената цена и информациите кои според применливите правила мора да бидат достапни заради транспарентност на постапката не можат да бидат означени како доверливи.

---

## 2. СПОСОБНОСТ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

### 2.1 Формални барања

**2.1.1.** Понудите мора да бидат доставени во утврдениот рок.

**2.1.2.** Понудата се доставува во хартиена форма, во запечатен внатрешен плик, кој се става во запечатен надворешен плик.

**Внатрешниот плик** треба да содржи:

- полн назив и адреса на понудувачот;

- документација за понудата.

**Надворешниот плик** треба да биде адресиран до Договорниот орган и да содржи:

**„ЈАВЕН ПОВИК БР. 04/2026“**

и предупредување:

**„ДА НЕ СЕ ОТВОРА ПРЕД ДАТУМОТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ“**

**2.1.3.** Комисијата може да побара појаснување на веќе доставени документи, кога тоа е потребно заради проверка на нивната содржина, без да се дозволи суштинска промена на понудата.

**2.1.4.** По истекот на рокот за доставување понуди не може да се дозволи измена на техничката или финансиската содржина на понудата.

**2.1.5.** Кај група економски оператори, секој член поединечно ја докажува својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.

**2.2 Лична состојба**

**2.2.1.** Договорниот орган ќе го исклучи од постапката економскиот оператор кој:

- во последните пет години има правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- се наоѓа во постапка на стечај или ликвидација;
- има неизмирени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен доколку има одобрено одложено плаќање и истите редовно ги плаќа;
- има изречена забрана за учество во постапки за доделување договори;
- има изречена забрана за вршење на дејност;
- има изречена соодветна прекршочна санкција;
- доставува лажни податоци или не ги доставува бараните податоци.

**2.2.2.** За докажување на личната состојба понудувачот доставува:

- изјава дека во последните пет години не му е изречена правосилна пресуда за наведените кривични дела;
- потврда дека не е отворена стечајна постапка од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;

- соодветни потврди од надлежните регистри за непостоење на забрани и санкции.

**2.2.3.** Документите не треба да бидат постари од шест месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите.

**2.2.4.** Доколку во земјата во која е регистриран понудувачот не се издаваат одредени документи, понудувачот може да достави соодветна изјава заверена согласно прописите на земјата каде што е регистриран.

### 2.3 Способност за вршење професионална дејност

**2.3.1.** Понудувачот треба да биде регистриран за вршење на дејност поврзана со продажба на моторни возила.

**2.3.2.** Како доказ се доставува документ за регистрирана дејност, односно соодветен извод/документ од надлежниот регистар.

### 2.4 Дополнителни услови – официјален сервис

**2.4.1.** Понудувачот задолжително треба да има или да обезбедува пристап до **официјален/овластен сервисен центар за понудената марка на возило на територијата на Република Северна Македонија**.

**2.4.2.** Официјалниот/овластениот сервис треба да биде способен да го врши редовното и гарантното одржување на возилото во текот на целиот гарантен период.

**2.4.3.** Понудувачот со понудата доставува податоци за официјалниот/овластениот сервис, вклучително:

- назив;
- адреса;
- контакт телефон и/или електронска адреса;
- доказ за овластување или статус на официјален/овластен сервис.

---

## 3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

### 3.1 Појаснување

**3.1.1.** Економскиот оператор може да побара појаснување на документацијата во електронска форма, најдоцна 15 дена пред крајниот рок за доставување понуди.

**3.1.2.** Договорниот орган ќе ги објави релевантните појаснувања на веб-страницата на која е објавен јавниот повик.

**3.2 Измена и дополнување**

**3.2.1.** Договорниот орган може да ја измени или дополни документацијата пред истекот на рокот за доставување понуди.

**3.2.2.** Доколку измената суштински влијае врз подготовката на понудите, Договорниот орган ќе обезбеди соодветно продолжување на рокот за доставување понуди.

---

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**4.1 Содржина на понудата**

**4.1.1.** Понудата треба да ги содржи најмалку следните документи:

- пополнет Образец на понуда;
- пополнета финансиска понуда;
- техничка понуда/табела за усогласеност со техничката спецификација;
- Изјава за сериозност на понудата;
- Изјава за независна понуда;
- листа на доверливи информации, доколку постојат;
- документи за личната состојба;
- документ за регистрирана дејност;
- доказ за официјален/овластен сервис;
- технички каталог, брошура или официјална спецификација на производителот од која може да се потврди исполнувањето на техничките барања.

**4.1.2.** Понудувачот треба да ги користи обрасците дадени во документацијата.

**4.1.3.** Техничката понуда мора јасно да покаже дали понуденото возило го исполнува секое минимално барање од Техничката спецификација.

**4.2 Јазик**

**4.2.1.** Понудата и целокупната кореспонденција се доставуваат на македонски јазик.

**4.2.2.** Каталози, технички спецификации и оригинална документација од производителот може да бидат доставени на англиски јазик.

**4.2.3.** Договорниот орган може да побара превод на документација доколку тоа е неопходно за правилна евалуација.

**4.3 Цена на понудата**

**4.3.1.** Понудувачот ја наведува вкупната цена за возилото во денари, без ДДВ.

**4.3.2.** Во понудената цена треба да бидат вклучени сите трошоци поврзани со испораката на возилото, вклучително транспорт, увозни давачки и други трошоци доколку постојат.

**4.3.3.** ДДВ се прикажува одделно.

**4.3.4.** За потребите на евалуацијата се зема предвид вкупната понудена цена без ДДВ.

**4.3.5.** Понудената цена не смее да го надмине максималниот расположлив буџет од точка 1.7.

**4.3.6.** Цената треба да биде фиксна за времетраењето на Повикот.

**4.4 Валута**

**4.4.1.** Цената се изразува во македонски денари.

**4.4.2.** Буџетскиот лимит во евра се конвертира во денарска противвредност согласно средниот курс на НБРСМ применлив на денот на поднесување на понудата.

**4.5 Период на важност**

**4.5.1.** Понудите треба да важат најмалку 30 дена од крајниот рок за доставување понуди.

**4.5.2.** Договорниот орган може да побара продолжување на периодот на важност на понудата.

**4.6 Изјава за сериозност**

**4.6.1.** Понудувачот задолжително доставува потпишана Изјава за сериозност на понудата согласно образецот во прилог.

**4.6.2.** Изјавата може да биде активирана доколку понудувачот:

- ја повлече понудата пред истекот на нејзината важност;
- не ја прифати исправката на аритметички грешки;

- одбие да го потпише договорот откако ќе биде избран.

**4.6.3.** Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

**4.7 Изјава за независна понуда**

**4.7.1.** Понудувачот доставува потпишана Изјава за независна понуда согласно образецот даден во прилог на повикот.

**4.7.2.** Во случај на групна понуда, секој член на групата доставува посебна изјава.

**4.8 Принцип на една понуда**

**4.8.1.** Еден економски оператор може да поднесе само една понуда, без оглед дали учествува самостојно или како член на група економски оператори.

**4.9 Алтернативни понуди**

**4.9.1.** Алтернативни понуди не се дозволени.

**4.10 Измена, замена и повлекување**

**4.10.1.** Понудувачот може да ја измени, замени или повлече понудата само пред истекот на рокот за доставување понуди.

**4.10.2.** По истекот на рокот не се дозволуваат измени на понудата.

**4.11 Техничка понуда**

**4.11.1.** Техничката понуда мора да содржи јасен опис на понуденото возило и податоци за секој параметар наведен во Техничката спецификација.

**4.11.2.** Понудувачот треба да достави официјална документација од производителот со која може да се потврдат декларираните технички карактеристики.

---

## 5. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**5.1 Отворање на понудите**

**5.1.1.** Отворањето на понудите нема да биде јавно.

**5.1.2.** Понудите ги отвора Комисијата за набавка на теренско моторно возило најрано пет (5), а најдоцна десет (10) дена по истекот на рокот за доставување понуди.

**5.1.3.** За отворањето се составува записник.

**5.2 Проверка на формалните барања и способноста**

Комисијата прво проверува:

| **Критериум за соодветност** | **Оценка** |
|---|---|
| Понудата е доставена навреме | Да/Не |
| Понудата е правилно запечатена и означена | Да/Не |
| Понудата е комплетна | Да/Не |
| Доставена е Изјава за сериозност | Да/Не |
| Доставена е Изјава за независна понуда | Да/Не |
| Исполнета е личната состојба | Да/Не |
| Исполнета е професионалната способност | Да/Не |
| Исполнет е условот за официјален/овластен сервис | Да/Не |
| Понудата не го надминува максималниот буџет | Да/Не |
| Возилото ги исполнува минималните технички услови | Да/Не |

Понудите кои не ги исполнуваат елиминационите барања не се понатаму бодувани.

**5.3 Критериум за доделување**

**5.3.1.** Договорот ќе му биде доделен на понудувачот чија понуда ќе биде оценета како **економски најповолна понуда**, врз основа на најдобриот однос помеѓу квалитетот и цената.

Вкупниот број бодови изнесува **100**:

| Елемент | Максимален број бодови |
|---|---|
| Технички квалитет | 70 |
| Финансиска понуда | 30 |
| **Вкупно** | **100** |

## 5.4 Техничка евалуација

Техничкиот квалитет се оценува преку следните критериуми:

| Критериум | Максимален број бодови |
|---|---|
| $CO_2$ емисии | 10 |
| Моќност и зафатнина на моторот | 10 |
| Потрошувачка на гориво | 10 |
| Багажен простор | 10 |
| Растојание од земја – клиренс | 15 |
| Погон / тип на погон | 5 |
| Рок на испорака | 10 |
| **Вкупно** | **70** |

### 5.4.1. Методологија за бодување

За критериумите кај кои пониската вредност е подобра:

**Бодови = (најдобра понудена вредност × максимален број бодови) / вредноста на конкретната понуда**

Ова се применува за:

- $CO_2$ емисии;
- потрошувачка на гориво;
- рок на испорака.

За критериумите кај кои повисоката вредност е подобра:

**Бодови = (вредноста на конкретната понуда × максимален број бодови) / највисока понудена вредност**

Ова се применува за:

- моќност на мотор;
- зафатнина на мотор;

- багажен простор;
- растојание од земја – клиренс.

### 5.4.2. $CO_2$ емисии – 10 бодови

Се зема декларираната $CO_2$ емисија на возилото во g/km, согласно официјалните податоци на производителот.

Возилото со најниска декларирана $CO_2$ емисија добива 10 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно утврдената формула.

### 5.4.3. Моќност и зафатнина на моторот – 10 бодови

Овој критериум носи вкупно 10 бодови и се состои од два под-критериуми:

| Под-критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Моќност на мотор | 5 |
| Зафатнина на мотор | 5 |
| **Вкупно** | **10** |

**Моќност на мотор – 5 бодови**

Се зема номиналната моќност на моторот изразена во kW, согласно официјалните податоци на производителот.

Возилото со највисока номинална моќност добива 5 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно формулата за критериуми кај кои повисоката вредност е подобра.

**Зафатнина на мотор – 5 бодови**

Се зема работната зафатнина на моторот изразена во $cm^3$, согласно официјалните податоци на производителот.

Возилото со најголема работна зафатнина добива 5 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно формулата за критериуми кај кои повисоката вредност е подобра.

Вкупниот број бодови за овој критериум се добива со собирање на бодовите добиени за моќноста и зафатнината на моторот.

### 5.4.4. Потрошувачка на гориво – 10 бодови

Се зема официјално декларираната комбинирана потрошувачка на гориво во l/100 km, согласно официјалните податоци на производителот.

Возилото со најниска декларирана комбинирана потрошувачка добива 10 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно утврдената формула.

**5.4.5. Багажен простор – 10 бодови**

Се зема волуменот на багажниот простор изразен во литри, согласно официјалните податоци на производителот.

Возилото со најголем багажен простор добива 10 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно утврдената формула.

**5.4.6. Растојание од земја – клиренс – 15 бодови**

Се зема минималното декларирано растојание од земја до најниската точка на возилото, изразено во mm, согласно официјалните податоци на производителот.

Возилото со најголем клиренс добива 15 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно утврдената формула.

**5.4.7. Погон / тип на погон – 5 бодови**

Со оглед на намената на возилото за теренски потреби, се оценува типот на погон на возилото.

- Возило со погон на сите четири тркала (4×4/AWD) – **5 бодови**;
- Возило со погон на две тркала (4×2/2WD) – **0 бодови**.

Бодувањето се врши врз основа на официјалните технички податоци на производителот.

**5.4.8. Рок на испорака – 10 бодови**

Рокот на испорака се изразува во календарски денови, сметано од денот на потпишување на договорот.

Понудата со најкраток рок на испорака добива 10 бодови, а останатите понуди се бодуваат пропорционално согласно утврдената формула.

Максималниот дозволен рок на испорака изнесува 90 календарски дена.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**6.1 Доделување**

**6.1.1.** Комисијата подготвува извештај за спроведената евалуација и предлог за избор.

**6.1.2.** Овластеното лице на Договорниот орган донесува конечна одлука за избор или поништување.

**6.1.3.** Договорот се доделува на понудувачот чија понуда е оценета како економски најповолна.

**6.2 Известување**

**6.2.1.** Избраниот понудувач ќе биде известен во писмена/електронска форма за изборот.

**6.2.2.** Останатите понудувачи ќе бидат известени за исходот на постапката.

**6.3 Правна заштита и жалбена постапка**

**6.3.1.** Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот и кој смета дека во текот на постапката биле повредени неговите права или дека постапката не била спроведена во согласност со условите утврдени со овој Јавен повик, има право да поднесе писмен приговор/жалба до Договорниот орган.

**6.3.2.** Жалбата може да се поднесе особено во однос на:

- одлуката за отфрлање на понудата;
- начинот на спроведување на постапката за отворање и евалуација на понудите;
- утврдените резултати од техничката и финансиската евалуација;
- начинот на примена на критериумите за избор и бодување;
- одлуката за избор на економски најповолен понудувач;
- одлуката за поништување на постапката;
- други дејствија или пропуштања на Договорниот орган за кои понудувачот смета дека му нанеле или можат да му нанесат штета.

**6.3.3.** Жалбата се поднесува во писмена форма во рок од осум (8) календарски дена од денот на приемот на одлуката или известувањето на кое се однесува жалбата, односно од денот кога понудувачот дознал или разумно можел да дознае за дејствието или пропуштањето за кое се поднесува жалбата.

**6.3.4.** Жалбата се доставува до Договорниот орган на начин утврден во овој Јавен повик. Датумот на прием на жалбата од страна на Договорниот орган се смета за датум на поднесување на жалбата.

**6.3.5.** Жалбата треба да содржи:

- назив и податоци за понудувачот;
- податоци за овластеното лице или полномошникот, доколку е применливо;
- ознака на постапката и предметот на набавката;
- ознака на одлуката, дејствието или пропуштањето на кое се однесува жалбата;
- опис на фактичката состојба;
- наводи за причините поради кои понудувачот смета дека е повредено неговото право или интерес;
- докази, доколку постојат;
- жалбено барање;
- потпис на овластено лице.

**6.3.6.** Жалбата може да содржи барање за:

- преиспитување на донесената одлука;
- исправка на утврдена грешка во евалуацијата;
- повторна проверка или евалуација на понудата;
- повторување на определено дејствие во постапката, доколку постојат оправдани причини за тоа;
- поништување на одлуката за избор или поништување на постапката, доколку се утврдат суштински неправилности.

**6.3.7.** За жалбата одлучува Договорниот орган, по претходно разгледување на наводите од страна на Комисијата за набавка и, доколку е потребно, од страна на друго овластено лице или тело определено од Договорниот орган.

Лицето кое одлучува по жалбата не смее да биде лице кое има директен личен или друг конфликт на интереси во однос на подносителот на жалбата или предметот на жалбата.

**6.3.8.** Жалбата не го суспендира автоматски текот на постапката. Сепак, доколку жалбата се однесува на одлуката за избор на економски најповолен понудувач, Договорниот орган нема да го потпише договорот со избраниот понудувач пред истекот на рокот за поднесување жалба, освен доколку сите понудувачи писмено се откажат од правото на жалба.

**6.3.9.** Договорниот орган е должен да ја разгледа секоја навремено поднесена и дозволена жалба и да донесе писмена одлука по истата во рок од осум (8) календарски дена од денот на нејзиниот прием.

**6.3.10.** Одлуката по жалбата се доставува до подносителот на жалбата во писмена форма и содржи најмалку: краток опис на предметот на жалбата, наводите на подносителот, утврдената фактичка состојба, образложение и одлука по жалбеното барање.

**6.3.11.** Доколку Договорниот орган утврди дека жалбата е основана, може:

- да ја измени или поништи оспорената одлука;
- да изврши повторна евалуација на понудите во делот во кој е утврдена неправилност;
- да наложи повторување на определено дејствие;
- да ја поништи постапката, доколку утврдената неправилност не може да се отстрани на друг начин.

**6.3.12.** Доколку Договорниот орган утврди дека жалбата е неоснована, ја одбива жалбата со образложена писмена одлука.

**6.3.13.** Поднесувањето на жалбата не смее да се користи за неоправдано одолговлекување на постапката. Жалбите кои се очигледно неосновани, недозволени или поднесени по истекот на предвидениот рок може да бидат отфрлени со образложена одлука.

**6.3.14.** Правото на поднесување жалба согласно оваа точка не го ограничува правото на понудувачот да користи други средства на правна заштита кои му се достапни согласно важечкото законодавство на Република Северна Македонија.

**6.3.15.** Со поднесувањето на понудата, понудувачот се смета дека ги прифаќа правилата на оваа жалбена постапка, без тоа да значи откажување од правата на правна заштита што му припаѓаат согласно важечкото законодавство.

---

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОРОТ

### 7.1 Начин и рок на плаќање

**7.1.1.** Плаќањето ќе се врши по испораката на возилото, приемот на возилото и доставувањето на исправна фактура.

**7.1.2.** Договорниот орган ќе ја исплати договорената вредност без ДДВ во рок од најдоцна 15 (петнаесет) дена од приемот на исправната фактура во архивата на МЕД.

**7.1.3.** Авансно плаќање не е дозволено.

**7.1.4.** Проектот во рамките на кој се реализира набавката е проект за надворешни активности на Европската Унија и, согласно применливите правила и договорните услови за проектот, средствата од проектот не се користат за плаќање на ДДВ, согласно условите за ослободување од ДДВ применливи на проектот.

**7.1.5.** Избраниот понудувач е должен да ја примени постапката за фактурирање и ослободување од ДДВ согласно важечките прописи и документацијата за даночно ослободување обезбедена од Договорниот орган.

**7.2 Рок и место на испорака**

**7.2.1.** Возилото треба да биде испорачано најдоцна во рок од 90 календарски дена од денот на потпишување на договорот.

**7.2.2.** Место на испорака е:

**Македонско еколошко друштво**
**ул. „Тодор Скаловски“ бр. 9А**
**1000 Скопје**

**7.2.3.** При испораката се составува и потпишува испратница и/или записник за примопредавање.

**7.2.4.** При испораката избраниот понудувач задолжително доставува:

- соодветна документација за сообразност/хомологација;
- упатство за употреба;
- сервисна книшка или електронски сервисен запис;
- гарантна документација;
- документација потребна за регистрација;
- други документи предвидени од производителот и важечките прописи.

**7.3 Регистрација на возилото**

**7.3.1.** Регистрацијата на возилото во Република Северна Македонија ја врши Договорниот орган.

**7.3.3.** Трошоците за регистрација и административните трошоци поврзани со првата регистрација одат на товар на Догорниот орган.

**7.4 Гаранција и сервисирање**

**7.4.1.** Возилото треба да има гаранција од најмалку **5 (пет) години или 100.000 km**, зависно од тоа кој услов прв ќе биде исполнет.

**7.4.2.** Понудувачот е должен да обезбеди целосно гаранциско сервисирање согласно условите на производителот.

**7.4.3.** Гарантното и редовното сервисирање треба да се врши во официјален/овластен сервис на понудената марка на територијата на Република Северна Македонија.

**7.4.4.** Понудувачот во понудата задолжително ја наведува локацијата и податоците за официјалниот/овластениот сервис.

**7.5 Корекција на цените**

**7.5.1.** Корекција или индексирање на договорената цена не е дозволено.

---

## 8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**8.1.** Договорниот орган може да ја поништи постапката доколку:

- не е поднесена ниту една понуда;
- не е поднесена ниту една прифатлива понуда;
- сите прифатливи понуди ја надминуваат максималната расположлива вредност на набавката;
- понудите не можат објективно да се споредат согласно утврдените критериуми;
- се утврди дека документацијата содржи суштински недостатоци кои не можат да се отстранат без нарушување на еднаквиот третман на понудувачите;
- настанат непредвидени промени во расположливиот буџет или финансирањето на проектот;
- настанат објективни околности поради кои престанала потребата од набавката;
- се утврдат суштински неправилности во текот на постапката;

- избраниот понудувач неоправдано одбие да го склучи договорот, а Договорниот орган не може или не сака да го додели договорот на следниот рангиран понудувач.

## 9. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**9.1.** Постапката завршува со конечноста на одлуката за избор на економски најповолна понуда или со конечноста на одлуката за поништување на постапката.

**9.2.** По завршувањето на постапката, целокупната документација се архивира и чува согласно интерните правила на МЕД, правилата за архивирање на проектот и применливите правила на донаторот.

**9.3.** Избраниот понудувач е должен да ги исполнува сите услови од понудата и договорот во текот на целото времетраење на договорот.

# II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

### ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА НОВО ТЕРЕНСКО ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО

Предмет на набавката е едно (1) **ново и некористено патничко теренско моторно возило со погон на сите четири тркала (4×4)**, со карактеристики погодни за комбинирано користење за патување и теренска работа.

Возилото не треба да биде товарно возило или пикап.

| Параметар | Минимално барање |
| --- | --- |
| Тип на возило | Патничко теренско возило/SUV |
| Состојба | Ново и некористено |

| | |
|---|---|
| Погон | 4×4 |
| Број на врати | Минимум 5 |
| Број на седишта | Минимум 5 |
| Гориво/погон | Бензин, хибрид или еквивалентна технологија која ги исполнува важечките ЕУРО 6 емисиони стандарди |
| Зафатнина на мотор | Минимум 1.100 $cm^3$ |
| Моќност | Минимум 80 kW |
| Менувач | Мануелен или автоматски, со најмалку 5 степени на пренос |
| Серво управувач | Задолжително |
| Должина | Минимум 400 cm |
| Растојание од земја | Минимум 20 cm |
| Багажен простор | Минимум 400 литри |
| CO□ емисии | Согласно важечки хомологациони/производителски податоци |
| Клима уред | Задолжително |
| Патен компјутер | Задолжително |
| Ограничувач на брзина | Задолжително |
| ABS или еквивалент | Задолжително |
| ESP или еквивалент | Задолжително |
| Предни воздушни перничиња | Задолжително |
| Странични воздушни перничиња | Задолжително |

| | |
|---|---|
| Централно заклучување со далечинско управување | Задолжително |
| Радио/мултимедијален систем | Задолжително |
| Задни паркинг сензори | Задолжително |
| Фелни | Минимум 16“ |
| Управувач | Прилагодлив по висина и длабочина |
| Возачко седиште | Прилагодливо по висина |
| Гаранција | Минимум 5 години или 100.000 km |
| Рок на испорака | Максимум 90 календарски дена |

**Дополнителна пожелна опрема**

Следната опрема не претставува минимален услов за прифатливост, но може да биде предмет на оценување доколку е предвидено во методологијата:

- физичко резервно тркало;
- заштита на подвозјето;
- поголем клиренс;
- Навигација и Bluetooth конекција
- дополнителни системи за асистенција при возење;
- камера за заден поглед;
- други фабрички системи за безбедност и теренска употреба.

**Забелешка**

Сите технички карактеристики треба да бидат докажани со официјална документација од производителот или официјален технички каталог.

Техничките карактеристики наведени во документацијата претставуваат **минимални барања**, освен оние параметри кои се користат како критериуми за бодување.

Кога во документацијата е наведено „или еквивалент“, се прифаќа техничко решение кое обезбедува најмалку исто ниво на функционалност, безбедност или перформанси.

---

## III. МОДЕЛ НА ДОГОВОР

***НАПОМЕНА: Договорниот орган го задржува правото на измена на моделот на договорот пред потпишување на истиот.**

**ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА МОТОРНО ВОЗИЛО**

Склучен во Скопје на ____________

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

(1) _____________________ ПРОДАВАЧ и
(2) **МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО** КУПУВАЧ.

**ПРЕДМЕТ:**

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е купопродажба на теренско моторно возило ________________ кое продавачот го продава, а купувачот го купува во целост.

Техничка спецификација:

Технички карактеристики:

(2) Предметот определен во став 1 на овој член се набавува за потребите на купувачот, а во врска со **проектот „Зачувување на популацијата на кафеава мечка во Динарско-Пиндскиот масив“ (Project 101214048 – LIFE24-NAT-DE-LIFE DinPin Bear)**

**ЦЕНА: _______________**

**Член 2**

(1) Предметот од член 1 на овој договор продавачот го продава за договорена купопродажна цена од _____________ **денари**, без вклучен данок на додадена вредност (ДДВ). Проектот е ослободен од ДДВ согласно член 24-а од Законот за данок на додадена вредност.

(2) Покрај купопродажната цена од став (1) на овој член, купувачот е должен да плати и данок на моторни возила во износ од ________________ **денари**, согласно одредбите од Законот за данок на моторни возила.

(3) Вкупниот износ за плаќање по основ на овој договор изнесува _____________________ **денари**, при што договорните страни констатираат дека, со оглед на тоа што платениот данок на моторни возила за реализација на проекти финансирани со парични средства од странски донатори се враќа на имплементаторот на проектот (Купувачот), согласно член 16 став (1) од Законот за данок на моторни возила, конечниот финансиски товар на купувачот по овој договор изнесува __________________ **денари.**

(4) Продавачот е должен да изготви и достави до купувачот фактура (образец ДДВ-ФП-ДОО) со јасно изразена купопродажна цена од став (1) и посебно искажан данок на моторни возила од став (2) на овој член.

**ПРАВА И ОБВРСКИ:**

**Член 3**

(1) Продавачот му гарантира на Купувачот дека тој е единствен и вистински сопственик на патничкото моторно возило од член 1 на овој договор, дека не постои кое било друго стварно право или товар, односно нема никакви права со кои се ограничува или товари, дека не постои одлука на било кој орган односно суд со која би му се забранило или ограничило правото на користење и располагање со истата, дека не е предмет на судски спор, присилно извршување, дека не е склучен никаков друг акт со кој е веќе располагано со патничкото моторно возило и изјавува дека доколку такви се јават се обврзува да застане во заштита на купувачот (евикција) и му одговара со сета причинета штета.
(2) Купувачот изјавува дека е запознаен и согласен со ваквата изјава на продавачот.

**Член 4**

(1) Продавачот со потпишување на овој Договор изјавува дека возилото што го продава нема скриени мани и технички е исправно и дека возилото го предава според дадените спецификации во понудата од Јавен повик бр. **04/2026**.
(2) Купувачот со потпишување на овој Договор изјавува дека го прегледал возилото и се уверил во неговата техничка исправност како и дека истото е без скриени мани.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОБВРСКИ:**

**Член 5**

*(1)* Со потпишување на овој договор Купувачот изјавува дека ја прифаќа целосно понудата доставена според Јавен повик **04/2026** во целост и дека е согласен да го купи и плати теренското возило по купопродажна цена определена во член 2 на Договорот.

**Член 6**

(1) Овој договор договорните страни го склучуваат по исклучиво сопствена волја, без принуда и без да бидат доведени во заблуда или измамени.

**Член 7**

(1) Во случај на спор, договорните страни се договорија истиот да го решат спогодбено, а во спротивно надлежен ќе биде Основен суд Скопје.

**Член 8**

(1) Овој договор е сочинет од 3 (три) примероци, од кои по еден за договорните страни а еден за потребите на надлежните институции.

______________________________________

__________________________________

| | |
|---|---|
| **ПРОДАВАЧ** | **КУПУВАЧ** |
| ____________________________________ | **МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО** |
| **преку Управител** | **преку Претседател** |
| _____________________________ | ___________________________ |

## IV. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

### ПОНУДА

**За Јавен повик бр. 04/2026**

Ние, долупотпишаните:

Назив на економски оператор: ________________________________

Адреса: ____________________________________________________

ЕМБС: ______________________________________________________

ЕДБ: _______________________________________________________

Телефон: ___________________________________________

E-mail: ____________________________________________

Овластено лице: _____________________________________

изјавуваме дека ја поднесуваме нашата понуда за набавка на ново и некористено теренско патничко моторно возило со погон 4×4 согласно условите од документацијата.

**Производител:** ____________________________________

**Модел:** __________________________________________

**Верзија/ниво на опрема:** ____________________________

**Година на производство:** ____________________________

**Финансиска понуда**

Вкупна цена без ДДВ: ________________ денари

ДДВ: ________________ денари

Вкупна цена со ДДВ: ________________ денари

Рок на испорака: _________ календарски дена

Период на важност на понудата: _________ дена

Гаранција: _________ години / _________ km

Официјален/овластен сервис:

Назив: _____________________________________________

Адреса: ____________________________________________

Телефон/e-mail: _____________________________________

Со поднесување на понудата потврдуваме дека ги прифаќаме сите услови од документацијата за јавниот повик и дека понуденото возило ги исполнува минималните технички барања.

Место и датум: ____________________

Овластено лице:

---

Потпис и печат

## V. ОБРАЗЕЦ НА ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

| Бр. | Документ/информација | Страница/дел | Причина за доверливост |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |

Доколку нема доверливи информации, се наведува:

**„Понудата не содржи информации кои понудувачот ги означува како доверливи.“**

Место и датум: ________________________

Овластено лице: ________________________

Потпис и печат: ________________________

## VI. ОБРАЗЕЦ ЗА ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Назив на економски оператор: ________________________________

Седиште: ____________________________________________________

Адреса: _____________________________________________________

ЕМБС: ______________________________________________________

ЕДБ: _______________________________________________________

Овластено лице: _____________________________________________

Контакт лице: _______________________________________________

Телефон: ___________________________________________________

E-mail: _____________________________________________________

Веб-страница: _______________________________________________

Банкарска сметка: ________________________________________

Банка: ________________________________________

Дејност: ________________________________________

Официјален/овластен сервис за понудената марка:

---

Адреса на сервисот:

---

Место и датум: ______________________

Овластено лице: ______________________

Потпис и печат: ______________________

---

## VII. ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА

Јас, долупотпишаниот, во својство на овластен претставник на:

________________________________________

под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека нашата понуда доставена по Јавниот повик бр. 04/2026 е сериозна, вистинита и обврзувачка за нас во периодот на нејзината важност.

Изјавуваме дека сме запознаени со условите од документацијата и дека ќе ги почитуваме истите.

Се обврзуваме дека нема да ја повлечеме понудата во периодот на нејзината важност и дека, доколку бидеме избрани, ќе го потпишеме договорот согласно условите од документацијата и нашата понуда.

Во спротивно, се согласуваме да ги сносиме последиците предвидени со документацијата за јавниот повик и применливите правила.

Место и датум: ______________________

Овластено лице: ______________________

Потпис и печат: ______________________

---

# VIII. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНА ПОНУДА

Јас, долупотпишаниот, во својство на овластен претставник на:

___________________________________________________________

изјавувам дека понудата доставена по Јавниот повик бр. 04/2026 е подготвена независно и без договор, спогодба, комуникација или усогласување со друг економски оператор во однос на:

- цената;
- условите на понудата;
- намерата за учество;
- поделбата на пазарот или клиентите;
- или кој било друг елемент кој би можел да влијае врз слободната и фер конкуренција.

Место и датум: _______________________

Овластено лице: ______________________

Потпис и печат: _______________________